II. Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, Раздел 16101 – 15229 – 637 – 16, ставка 425 – договорни услуги, за кои се утврдени средства во износ од 270.000,00 денари.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2 – спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, ставка 425 – договорни услуги:

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Консултантски услуги | 270.000,00 |
| | Вкупно | 270.000,00 |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8852/6
21 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**4231.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2022 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22), во член 1 став 2 износот „57.255.800,00“ се заменува со износот „58.396.962,00“, а износот „14.763.800,00“ се заменува со износот „15.904.962,00”.

Член 2

Во член 2 точка а) во воведната реченица износот „10.363.800,00“ се заменува со износот „12.720.000,00“.

Во потточка 1 износот „3.863.800,00“ се заменува со износот „3.110.000,00“.

Во потточка 2 износот „3.250.000,00“ се заменува со износот „7.205.000,00“.

Потточките 6 и 7 се бришат.

Во потточка 8 која станува потточка 6, износот „50.000,00“ се заменува со износот „5000,00“.

Во точка б) во воведната реченица износот „2.400.000,00“ се заменува со износот „1.584.962,00“.

Во потточка 1 износот „300.000,00“ се заменува со износот „174.581,00“.

Во потточка 3 износот „600.000,00“ се заменува со износот „218.300,00“.

Во потточка 4 износот „200.000,00“ се заменува со износот „82.081,00“.

Потточката 5 се брише.

Потточката 6 станува потточка 5.

Во потточката 7 која станува потточка 6, износот „100.000,00“ се заменува со износот „10.000,00“.

Потточката 8 се брише.

Член 3

Во член 3 износот „42.500.000,00“ се заменува со износот „42.100.000,00“, а износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „1.600.000,00“.

Член 4

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10575/6
20 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**4232.**

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 декември 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2022 ГОДИНА**

I

Во Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.33/22 и 116/22), во делот II износот „18.000.000,00“ се заменува со износ „14.000.000,00“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11555/3
21 декември 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.